Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 73, 30 јануари 2012 година

јануари 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во сите звања за наставно-научната област имунохематологија и хематологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 44

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 47

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано и методика на наставата по пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 56

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните и уметнички области теорија на музиката и композиција на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 63

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Познавање на стоката“ од д-р Нако Ташков, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика и д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Пољоделство” од авторите проф. д-р Љупчо Михајлов и ас. м-р Фиданка Трајкова од Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 71

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Органска хемија“ од авторот д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 75

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на технолошко инженерство“ од авторот доц. д-р Винета Сребренкоска, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 76

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Вовед во право на ЕУ“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 78

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Право на ЕУ, правда и внатрешни работи“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 82

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Кредитна политика“ (скрипта) од авторот доц. д-р Виолета Маџова, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 86

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Физичкото воспитание и образование кај децата од предучилишната и раната училишна возраст“ од асистент д-р Билјана Попеска, Педагошки факултет, при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 89

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на седницата одржана на 3.10.2011 година, донесе Одлука бр.1602-150/09 за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден соработник ***асистент*** за научната област ***меѓународно јавно право*** на Правниот факултет во состав:

– д-р Владимир Ортаковски - редовен професор (претседател);
– д-р Јован Ананиев – вонреден професор (член);
– д-р Љупчо Сотировски – доцент (член).

Рецензентската комисија по разгледувањето на приложените материјали и преземените активности, согласно со Законот за високото образование и актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет им го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс во весникот „Дневник“, објавен на 24.9.2011 година, за избор на еден соработник во звање асистент за научната област *меѓународно јавно право* на Правниот факултет се пријавија петмина кандидати и тоа: м-р Дејан Маролов, м-р Верка Јованова, м-р Елена Минова, Биљана Крстевска и Патриција Рафаела Бикова.

Врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира:

Кандидатите навремено ја доставија својата пријава во предвидениот рок утврден во Конкурсот.

Пријавата на кандидатот м-р Дејан Маролов, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба:

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Дејан Маролов** е роден на 29 октомври 1983 година во Штип, Р.Македонија. Средно образование завршува во ДСУ „Славчо Стојменски” во Штип - општа насока, со одличен успех. Во 2003 година се запишува на Правниот факултет при Универзитетот ФОН, на насока Европско право и право на ЕУ. Корисник е на стипендија за талентирани студенти од Министерство за образование и наука. Дипломира на 13 јули 2007 година, со просечен успех 8,5 и се стекнува со називот дипломиран правник. Во 2007 година се запишува на напредните меѓународни и европски постдипломски студии на Европскиот институт за високи меѓународни студии во Ница, Р.Франција и добива финасиска поддршка за талентирани студенти од Европскиот институт за високи меѓународни студии и Европската комисија. Успешно ги положува сите предвидени испити со просечен успех од 14,50 (односно 8,17 согласно со еквавиленцијата на МОН). По успешната одбрана на магистерската теза насловена како „Односите помеѓу ЕУ и Македонија во контекст на политиката на ЕУ кон Западен Балкан” под менторство на проф. д-р Низар Бен Ајед, на 18 јули 2008 година се стекнува со звање магистер по напредни меѓународни и европски студии (странска диплома нострифицирана во Р.Македонија). Кандидатот има положено TOEFL (тест за англиски јазик за странци), како и присуствувано на повеќе студиски престои, конференции, семинари, работилници како: специјалистички семинар, тематски подрачја: казнено-процесно право, граѓанско-процесно право и управно-процесно

право (ФОН универзитет, Скопје и Струга, 3.5.2007-23.5.2007), конференција на тема: Легислативниот процес во Советот на министри (CIFE - Centre International de Formation Europeenne и Совет на министри, Брисел - Белгија, 18.2.2008), Конференција на тема: Улогата на Комитетот на региони во процесот на одлучување на ЕУ (CIFE - Centre International de Formation Europeenne и Комитет на региони, Брисел-Белгија, 19.2.2008), Конференција на тема: Проширувањето на ЕУ (CIFE - Centre International de Formation Europeenne и Европска комисија - Генерален директорат за проширување, Брисел - Белгија, 20.2.2008), Конференција на тема: Моменталните операциии на НАТО (CIFE - Centre International de Formation Europeenne и НАТО канцеларија за односи со јавност, Брисел – Белгија, 21.02.2008), Конференција на тема: Улогата на Советот на Европа во европската политичка архитектура (CIFE - Centre International de Formation Europeenne и Совет на Европа, Стразбург – Франција, 23.2.2008), Јавна трибина на Европски парламент (Европски парламент, Стразбург – Франција, 24.2.2008), Конференција на тема: Улогата на УНИХЦР и активностите фокусирани на ситуацијата во Ирак (CIFE - Centre International de Formation Europeenne и УНИХЦР, Женева-Швајцарија, 26.2.2008), Семинар на тема: Процесот на транзиција во Полска (Универзитет Адам Мичкиевич, Познан-Полска, 7.4.2008-13.4.2008), Семинар на тема: Легислативата на Европските заедници во однос на еднаквоста помеѓу половите (Академија за Европско право, Триер – Германија, 20.9.2009-21.9.2009), Форум на тема: Европски и светски форум за социјални, политички, економски и културни предизвици (Асоцијација Дециус, Краков-Полска, 04.07.2010-17.07.2010), Семинар на тема: Рефлексиите врз правото на ЕУ во однос на еднаквоста (Академија за Европско право, Триер-Германија, 20.09.2010-21.09.2010), Конференција на тема: Активностите на Заедничкиот истражувачки центар (Заеднички истражувачки центар при Европска Комисија и Министерство за образование и наука на РМ, Скопје – Македонија, 19.10.2010), Работилница на тема: Имплементација на меѓународно хуманитарно право во современи воени операции (Министерство за одбрана на РМ, Скопје, 16.12.2010-17.12.2010), Конференција на тема: Македонски вредности, трансформација, образование и медиуми (Меѓународен институт за мир, Министерство за надворешни работи на Норвешка и НТНУ Универзитет. Осло-Норвешка, 28.10.2010.-29.10.2010). Има добиено и благодарница од Министерство за одбрана на РМ за учество на работилница како предавач. Кандидатот е автор на една монографија објавена во Берлин. Веднаш по магистрирањето, кандидатот има волонтирано во адвокатска канцеларија. Од април 2009 година го продолжува своето образование на докторски студии по дипломатија и меѓународно јавно право при Европски центар за мир и развој на Универзитетот за мир на Обединети нации во Белград, Србија, каде што му е прифатена темата за докторска дисертација со наслов „Распадот на Југославија и македонската надворешна политика". Од мај 2009 година работи на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во соработничко знање како помлад асистент на група правни предмети каде што изведува вежби по предметите: Меѓународно јавно право, Вовед во правото на ЕУ, Семејно право, Европско казнено право, Меѓународно казнено-процесно право и др.

***Список на објавени научни и стручни трудови***

Marolov, D. (2010) *EU relations with Macedonia in the context of the EU – Western Balkan policy*. Berlin, LAP Lambert Academic Publishing AG Co KG (монографија)

Маролов, Д. *Политиката на САД спрема Македонија за време на југословенската криза* (во фаза на објавувување во Зборникот на Правен факултет при УГД – Штип за изданието во 2011) (научен труд)

Marolov, D. *EU policy towards the dissolution of Yugoslavia with special emphasis on EU policy towards the Republic of Macedonia*. (во фаза на објавување во Analytical journal 2011 edition) (научен труд)

Marolov, D. *Understanding the Ohrid framework agreement*. (во фаза на објавување како дел од книгата: Civic and uncivic values in Macedonia: Value transformation, education, and media.(во фаза на објавување од Меѓународна конференција во Осло, 28-29.10.2011) (меѓународна конференција со реферат)

Пријавата на кандидатката м-р Верка Јованова, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба:

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Верка Јованова** е родена на 27 јануари 1982 година во Кавадарци, каде што завршува основно и средно образование. Своето образование го продолжува на Југозападниот универзитет „Неофит Рилски“ во Благоевград на Правно-историскиот факултет, каде што во 2006 година се стекнува со професионална квалификација – *магистер по правни науки*, со просечен успех од државни испити оценка 5,00 (многу добар) и среден успех од испити 4,23 (добар) (за што приложува незаверена Одлука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство, но не приложува соодветна еквивиленција на оцените). Кандидатката, исто така, покрај бугарскиот го познава и англискиот јазик (за што не приложува диплома за познавање на странски јазик), а воедно е и судски преведувач од македонски на бугарски јазик и обратно. Кандидатката поседува и компјутерски вештини. Волонтирала две години во Основениот суд во Кавадарци, каде што исто така стекнала работен стаж од 6 месеци во писарницата на истражното одделение. Кандидатката има 1,5 месец работен стаж и во гимназијата „Добре Даскалов" во Кавадарци. Кандидатката нема приложено уверение за државјанство, нема доставено примерок од магистерскиот труд и нема доставено изјава – образец 1 од Комисијата за верификација на факти.

Согласно со Законот за високото образование на Р.Македонија, бидејќи има решение за нострификација на дипломата стекната во странство со која се стекнала со академско звање магистер по право, но нема работно искуство во високото образование, кандидатката само делумно ги исполнува условите.

Пријавата на кандидатката м-р Елена Минова, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следната состојба:

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Елена Минова** е родена на 18 ноември 1986 година во Кочани, каде што завршува средно образование. По завршувањето на средното образование во 2005 год. се запишува на додипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, каде што дипломира во 2008 година, со просечен успех 8,23 (за што не е приложено уверение за положени испити прв циклус). По дипломирањето во 2008 год. се запишува на постдипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Правосудната насока, модул Казнено право. По одбраната на својот магистерски труд со наслов ***„Казнено-правни аспекти на недозволена миграција"*** во 2011 година се стекнува со професионална квалификација  магистер по право со просечен успех од втор циклус на студии 9,25. Поседува компјутерски вештини и го владее англискиот јазик (за што нема приложено соодветна диплома). Нема приложено примерок од магистерскиот труд и нема доставено изјава – образец 1 од Комисијата за верификација на факти.

Кандидатката м-р Елена Минова нема работно искуство во високото образование, поради што не ги исполнува во целост условите согласно со Законот за високото образование за избор во соработничко звање според објавениот Конкурс.

Пријавата на кандидатката Биљана Крстевска, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба:

***Биографски податоци***

Кандидатот **Биљана Крстевска** е родена на 6 јануари 1984 година во Скопје, каде што завршува средно образование. Потоа се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, дипломира со просечен успех 9,4 во 2006 година и се стекнува со стручен назив *дипломиран политиколог*. Корисник е на стипендија од Министерство за образование и наука.

По дипломирањето се запишува на втор степен специјалистички академски студии на Факултетот за политички науки при Универзитетот во Белград. Во 2010 година се стекнува со професионална квалификација дипломиран политиколог – специјалист за областа на меѓународни студии со просечен успех од 9,66. Биљана Крстевска е оспособена за работа со компјутер, активно ги владее српскиот и англискиот јазик, а има основни познавања и од албанскиот и германскиот јазик (за што нема приложено соодветна диплома). Има остварено

пракса во Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество во Скопје, во Генералниот секретаријат – Влада на РМ, Институтот за парламентарна демократија и била ангажирана во Кампањата за фер и демократски избори 2011. Има работно искуство од 13 мај до 8 јуни 2009 година во гимназијата „Ѓорѓи Димитров" во Скопје и е асистент во Канцеларијата за комуникација со граѓаните во Општина Центар, но нема работно искуство во високото образование. Кандидатката нема доставено соодветна нострификација за диплома стекната во странство, нема доставено соодветна еквавиленција на оценки, нема доставено уверение за положени испити од прв циклус студии, нема доставено диплома за одбранет магистерски труд, ниту примерок од магистерскиот труд.

Врз основа на приложените материјали и биографијата на пријавената кандидатка, утврдувајќи ја подобноста на кандидатката, согласно со стекнатите академски звања – дипломиран политиколог-специјалист од областа на меѓународни студии, согласно со Законот за високото образование и условите предвидени со објавениот Конкурс за избор на еден соработник на Правниот факултет во Кочани, Комисијата констатира дека кандидатката не ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование.

Пријавата на кандидатката Патриција Рафаела Бикова, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба:

***Биографски податоци***

Кандидатката **Патриција Рафаела Бикова** е родена на 25 февруари 1988 година во Штип, каде што завршува средно образование. По завршувањето на средното образование во 2006 год. се запишува на додипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, каде што во 2009 година дипломира и се стекнува со професионална квалификација *дипломиран правник,* со просечен успех 9,04. По дипломирањето во 2009 год. се запишува на мастер студиите по меѓународно право и меѓународни односи, отсек Меѓународно приватно право, со просек 9,7 (за што нема приложено Уверение за положени испити од втор циклус). Поседува компјутерски вештини и ги владее англискиот, српско-хрватскиот, германскиот и шпанскиот јазик. Кандидатката има издадено збирки поезија за кои има добиено награди. Кандидатката се стекнува и со сертификат за учество во „Willem C.Vis International Commercial Arbitration Moot" во 2010 и 2011 год. во Виена. Кандидатката нема приложено диплома за одбранет магистерски труд, нема приложено примерок од магистерскиот труд, нема приложено уверение за државјанство и нема доставено изјава – образец 1 од Комисијата за верификација на факти.

Врз основа на приложените материјали и биографијата на пријавената кандидатка, утврдувајќи ја подобноста на кандидатката, согласно со стекнатите академски звања, согласно со Законот за високото образование и условите предвидени со објавениот Конкурс за избор на еден соработник на Правниот факултет во Кочани, Комисијата констатира дека кандидатката нема работно искуство во високото образование и не ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование.

Врз основа на приложените материјали и биографиите на пријавените кандидати, утврдувајќи ја подобноста на кандидатите, стекнатите академски звања и научноистражувачката активност на пријавените кандидати согласно со Законот и условите предвидени со објавениот Конкурс за избор на еден соработник во звање асистент за научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет во Кочани, Комисијата констатира дека условите предвидени со Законот за високото образование во целост не ги исполнуваат кандидатките Биљана Крстевска и Патриција Рафаела Бикова, а делумно не ги исполнуваат ниту кандидатките м-р Верка Јованова и м-р Елена Минова.

Имено, кандидатката Биљана Крстевска нема соодветна нострификација на странска диплома, а кандидатката Патриција Рафаела Бикова нема приложено диплома и уверение за втор циклус студии. Воедно, кандидатките го немаат потребното работно искуство во високо образование.

Кандидатките м-р Верка Јованова и м-р Елена Минова го немаат потребното работно искуство во високото образование.

Комисијата смета дека за соработник - асистент од научната област меѓународно јавно

право од петмината пријавени кандидати, Наставно-научниот совет на Правиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип треба да му даде доверба и да го предложи за избор само кандидатот м-р Дејан Маролов. Релевантноста на оваа констатација на Комисијата во експлицитна форма може да се аргументира со следниве индикатори:

Кандидатот м-р Дејан Маролов има тригодишно работно искуство како помлад асистент, покривајќи ги часовите за вежби по повеќе предмети, меѓу кои и по предметот Меѓународно јавно право. Со материјата од научната област меѓународно јавно право кандидатот се среќавал и активно се занимавал уште од своите додипломски студии, како и за време на своите магистерски студии. Кандидатот има запишано трет циклус студии на Европскиот центар за мир и развој при Универзитет за мир на ОН во Белград, Р.Србија, на насоката Дипломатија и меѓународно јавно право. Исто така, кандидатот има објавено трудови и присуствувал на конференции од оваа област и поседува соодветни способности за извршување на наставно-научна работа. Во својата работна средина континуирано ги докажува своите способности за комуникација и тимска работа, со што со право заслужува да биде ангажиран како асистент за научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет, согласно со распишаниот Конкурс од страна на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во весникот „Дневник" и весникот „Лајм" на 24 септември 2011 год. Поради наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип за соработник на Правниот факулте по група предмети од научната област меѓународно јавно право, во соработничко звање – асистент да го избере кандидатот м-р Дејан Маролов, согласно со објавениот Конкурс, извештајот и заклучокот на Рецензентската комисија.

Во прилог следува табела за активности при избор во звање за предложените кандидати:

**Табела за активности при избор во звање за м-р Дејан Маролов**

| **Ред. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјата | |
| 1. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 12+11+14 | |
| | **Вкупно** | **32** | |

| Ред. бр. | Научноистражувачка дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | | Во странство |
| 1. | Монографија<br>(Marolov, D. (2010) *EU relations with Macedonia in the context of the EU – Western Balkan policy*. Berlin, LAP Lambert Academic Publishing AG Co KG) | | 15 |
| 2. | Одбранета магистерска работа | | 4 |
| 3. | Учество на научен собир со реферат<br>(меѓународна конференција со реферат во Осло, 28-29.10.2011) | | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Учество на научен собир<br>Конференција на тема: Легислативниот процес во Советот на министри (CIFE - Centre International de Formation Europeenne и Совет на министри, Брисел - Белгија, 18.2.2008),<br>Конференција на тема: Улогата на Комитетот на региони во процесот на одлучување на ЕУ (CIFE - Centre International de Formation Europeenne и Комитет на региони, Брисел-Белгија, 19.2.2008),<br>Конференција на тема: Проширувањето на ЕУ (CIFE - Centre International de Formation Europeenne и Европска комисија - Генерален директорат за проширување, Брисел - Белгија, 20.02.2008),<br>Конференција на тема: Моменталните операциии на НАТО (CIFE - Centre International de Formation Europeenne и НАТО Канцеларија за односи со јавност, Брисел – Белгија, 21.2.2008),<br>Конференција на тема: Улогата на Советот на Европа во европската политичка архитектура (CIFE - Centre International de Formation Europeenne и Совет на Европа, Стразбург – Франција, 23.2.2008),<br>Конференција на тема: Улогата на УНИХЦР и активностите фокусирани на ситуацијата во Ирак (CIFE - Centre International de Formation Europeenne и УНИХЦР, Женева-Швајцарија, 26.2.2008),<br>Семинар на тема: Процесот на транзиција во Полска (Универзитет Адам Мичкиевич, Познан-Полска, 7.4.2008-13.4.2008),<br>Семинар на тема: Легислативата на европските заедници во однос на еднаквоста помеѓу половите (Академија за европско право, Триер – Германија, 20.9.2009-21.9.2009),<br>Семинар на тема: Рефлексиите врз правото на ЕУ во однос на еднаквоста (Академија за Европско право, Триер-Германија, 20.9.2010-21.9.2010) | | 1,5 X 9 = 13,5 |
| | **Вкупно** | **34,5** | |

| Ред. бр. | Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјата | |
| 1. | Член на Комисија за уписи | 4 | |
| | **Вкупно** | **4** | |

| | |
|---|---|
| **Вкупно** | **Поени**<br>**70,5** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Владимир Ортаковски, редовен професор, с.р**
**Д-р Јован Ананиев, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Љупчо Сотировски, доцент, с.р.**